МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 164 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИОНИОТ НОТАРСКИ ИСПИТ, ИСПИТОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ЗАМЕНИК-НОТАР, ИСПИТОТ ЗА ПОМОШНИК-НОТАР, ИСПИТОТ ЗА НОТАРСКИ СТРУЧЕН СОРАБОТНИК И ИСПИТОТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА НОТАРИТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на: квалификациониот нотарски испит, испитот за рангирање на нотар, испитот за заменик-нотар, испитот за помошник-нотар, испитот за нотарски стручен соработник и испитот за проверка на знаењата на нотарите (во натамошниот текст: испитот).

## Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две простории од кои секоја одделно треба да биде опремена со:
- најмалку 36 работни бироа од кои 30 за станиците за тестирање, пет за членовите на комисијата и еден за серверот;
- најмалку 36 столчиња;
- дисплеј за објавување на резултатите со димензии од најмалку 2x2 метри; - најмалку 30 персонални компјутери чиј монитор е најмалку 19”;
- еден централен сервер со монитор за надгледување и за локално снимање на полагањето;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник и
- мрежна камера за снимање на полагањето.

## Член 3

Просториите за полагање на испитот имаат интернет врска од минимум 10 мб/с, наменета за електронското полагање на испитите и пристап до апликацијата на Министерството за правда за спроведување на електронско полагање на испитот.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со

отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

| | |
|---|---|
| Бр. 01-4717/1 | |
| 29 декември 2016 година | Министер за правда, |
| Скопје | **Валдет Џафери,** с.р. |